**20130130476**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за странците,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2013 година.

Бр. 07-406/1
21 јануари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИТЕ

Член 1

Во Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2006, 66/2007, 117/2008, 92/2009, 156/10, 158/11 и 84/12), во членот 49 став 2 алинеја 2 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 3 точката се заменува со сврзникот „или“ и се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- странец резидент на држава членка на Европската унија и на Организацијата за економска соработка и развој (во натамошниот текст: ОЕЦД), кој стекнал право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата за Република Македонија под услови утврдени со закон, во износ од најмалку 40.000 евра.“

Член 2

По членот 79 се додава нова потточка ѕ-1 и нов член 79-а, кои гласат:

„ѕ-1. Дозвола за привремен престој за странец кој стекнал право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата на Република Македонија.

Член 79-а

На странец резидент на држава членка на Европската унија и на ОЕЦД, му се издава дозвола за привремен престој ако странецот кон барањето приложи и доказ дека се стекнал со право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата на Република Македонија под услови утврдени со закон.

Дозволата од ставот 1 на овој член се издава за период до една година и истата може да се продолжува согласно со членот 57 од овој закон.“

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.